## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 38 став 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИДЕНТИФИКАЦИОНАТА КАРТИЧКА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на идентификационата картичка за процена на тутун.

Член 2

Идентификационата картичка за процена на тутун за проценителите на тутун од страна на откупувачот на тутун се изработува во пластифицирана хартија со димензии 10 cm x 7 cm во златно жолта боја.

Предната страна на идентификационата картичка ги содржи следните податоци: “ Лого и Назив на откупувач, ИДЕНТИФИКАЦИОНА КАРТИЧКА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН”, место за фотографија, име и презиме на проценителот и архивски број и датум на лиценцата издадена од МЗШВ.

Задната страна на идентификационата картичка ги содржи следните податоци: архивски број и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице од откупувачот на тутун.

Формата и содржината на идентификационата картичка за процена на тутун е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Идентификационата картичка за процена на тутун за проценителите на тутун од страна на највисоката асоцијација на тутунопроизводители треба да биде во пластифицирана хартија со димензии 10 cm x 7 cm во светло зелена боја.

Предната страна на идентификационата картичка ги содржи следните податоци: “Лого и Назив на највисоката асоцијација на тутунопроизводители, ИДЕНТИФИКАЦИОНА КАРТИЧКА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН”, место за фотографија, име и презиме на проценителот и архивски број и датум на лиценцата издадена од МЗШВ.

Задната страна на идентификационата картичка ги содржи следните податоци: архивски број и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице од највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Формата и содржината на идентификационата картичка за процена на тутун е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.29-9868/3
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

**Прилог 1**

**Предна страна:**

**Лого и Назив на откупувач**

ИДЕНТИФИКАЦИОНА КАРТИЧКА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН

(фотографија)

**(ИМЕ)**

**(ПРЕЗИМЕ)**

**Арх.бр. и датум на лиценца издадена од МЗШВ**

**Задна страна:**

архивски број

______________

датум на издавање

______________

(потпис)

______________

М.П.

______________

(овластено лице од откупувачот)

**Прилог 2**

**Предна страна:**

**Лого и Назив на највисоката асоцијација на тутунопроизводители**

**ИДЕНТИФИКАЦИОНА КАРТИЧКА ЗА ПРОЦЕНА НА ТУТУН**

(фотографија)

**(ИМЕ)**

**(ПРЕЗИМЕ)**

**Арх.бр. и датум на лиценца издадена од МЗШВ**

**Задна страна:**

архивски број

датум на издавање

(потпис)

М.П.

(овластено лице од највисоката асоцијација на тутунопроизводители)